Архивски знак: 0201
Рок на чување: трајно
12.12.2017 година

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0201-1248/3
12.12.2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25 од Статутот на Црвен крст на РМ Собранието на Црвениот крст на Република Македонија на својата седница одржана на 12.12.2017 год. донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формирање, присоединување, спојување, поделба и престанок на Општински организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат услови и постапка за формирање, присоединување, спојување, поделба и престанок на Општински организации на Црвен крст (во понатамошниот текст: општински организации)/Црвен крст на град Скопје и начин на пренос на имот, права и обврски, и други прашања од заеднички интерес.

Член 2

Правото на здружување за остварување на целите и задачите на Црвениот крст се остварува со формирање и активности во Основни/Општински организации на Црвен крст.

Одлука за формирање и престанок на Основна организација донесува Раководниот одбор на Општинската организација на чие подрачје се формира.

Одлука за формирање и Одлука за статусни измени: присоединување, спојување и поделба на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје донесува Собранието на Црвениот крст на РМ со 2/3 мнозинство на гласови од присутните членови со право на глас.

Одлука за престанок на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје донесува Собранието на Црвениот крст на РМ со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Член 3

Присоединување, спојување и поделба на Општински организации е статусна измена која се врши со одлука на Собрание на Црвен крст на РМ, по сопствена иницијатива или по претходни иницијативи и донесени одлуки на Собранија на Општински организации во согласност со Закон, Статут на Црвен крст на РМ/Општински организации и овој Правилник.

Член 4

Црвениот крст на РМ се стекнува со својство на правно лице согласно Законот за Црвен крст на РМ и со упис во Централниот регистар на РМ.

Општинските организации/Црвен крст на град Скопје се стекнуваат со својство на правно лице согласно Одлуката на Собранието на Црвен крст на РМ и со упис во Централниот регистар на РМ.

Основните организации на Црвениот крст немаат својство на правно лице.

Член 5

Називот на Националното друштво е Црвен крст на Република Македонија.

Називот на Општинската организација е: Црвен крст на Република Македонија – Општинска организација ____________________(седиште на организацијата), а називот на Црвен крст на град Скопје е: Црвен крст на Република Македонија – Црвен крст на град Скопје.

Член 6

Надлежности, права и обврски на Општински организации/Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ се уредени со Статутот на Општинските организации/Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

1. Услови и постапка за формирање на Општинска организација

Член 7

Општинска организација се формира доколку се утврди потреба и се процени дека Општинската организација ќе може тековно и успешно да ги обавува целите и задачите на Црвениот крст на РМ во единици на локална самоуправа кои ги покрива во своето работење.

Член 8

Општински организации се формираат со одлука на Собрание на Црвен крст на РМ и реализираат активности за една или повеќе единици на локална самоуправа.

Член 9

Спротивно е на закон формирање на Општинска организација со ист назив и седиште како постоечка Општинска организација на територија на единиците на локална самоуправа кои ги покрива со своето работење.

1.1. Услови за формирање на Општинска организација

Член 10

За формирање на Општинска организација кумулативно треба да се исполнети следните услови:

- Во единицата на локалната самоуправа од каде што потекнува иницијативата треба да имаат живеалиште/престојувалиште најмалку 15.000 лица;
- Во единицата на локалната самоуправа од каде што потекнува иницијативата треба да има минимум членови на Црвен крст на РМ, со платена членарина, согласно Правилникот за методологија за определување на број на членови во Општинските организации на Црвен крст на РМ;
- Иницијативата да е подржана најмалку од 1/2 од членовите на Црвениот крст на РМ од подрачје на единицата на локалната самоуправа од каде што потекнува иницијативата;
- Иницијативата да е подржана најмалку од десет односно 1/2 Основни организаци на Црвениот крст на РМ од територијата на единицата на локална самоуправа од каде што потекнува иницијативата;
- Доказ дека има обезбедено седиште за административно - деловен простор со најмалку 50м2, средства и опрема за вршење на активности на Црвен крст;
- Да има обезбедено писмена поддршка од единиците на локална самоуправа кои ќе ги покрива во своето работење за проектна и финансиска подршка за активности од областа на дејствувањето на Црвениот крст на РМ;
- Други услови предвидени со закон и со актите на Црвениот крст на РМ.

1.2. Постапка за формирање на Општинска организација

Член 11

Иницијатива за формирање на Општинска организација може да поднесе Црвен крст на РМ и Иницијативен одбор сочинет од 7 членови на Црвен крст на РМ од единицата на локална самоуправа од каде што потекнува иницијативата, со обезбедена писмена подршка од најмалку 150 члена на Црвениот крст на РМ со образложение на причини за формирање.

Член 12

Иницијативниот одбор на соодветен начин го запознава населението од територијата на единицата на локална самоуправа од каде што потекнува Иницијативата, а може да организира и соодветна јавна расправа.

Член 13

Општинската организација која со својата работа ги покрива единиците на локална самоуправа од каде што потекнува Иницијативата е должна на Иницијативниот одбор да му овозможи увид во податоци за членови во Црвен крст на РМ и за Основни организации.

Член 14

Доколку Иницијативата е поднесена од Иницијативниот одбор, со Иницијативата се запознава Општинската организација која со својата работа ја покрива единицата на локална самоуправа од каде што потекнува иницијативата и Црвениот крст на РМ.

Член 15

Иницијативата се доставува до Комисија за посредување и усогласеност која по разгледување на истата поднесува Извештај со Мислење до Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

Член 16

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ во рок од 30 дена расправа и доставува Предлог до Собранието за оправданоста за формирање на Општинска организација.

Член 17

Собранието на Црвениот крст на РМ на прва наредна седница расправа по Предлогот на Раководниот одбор и донесува конечна одлука.

2. Услови и постапка за присоединување на Општинска организација

Член 18

Присоединување на една кон друга Општинска организација се врши со одлука на Собранието на Црвен крст на РМ.

Собранието на Црвен крст на РМ може да донесе одлука за присоединување и по претходно донесени поединечни одлуки на секоја Општинска организација, по што се склучува Договор за присоединување.

Договорот за присоединување содржи: територија која ќе се покрива со работењето, вработените, начинот на пренос на имотот, правата и обврските на општинската организацијата што се присоединува кон општинската организација што презема и начинот на натамошно дејствување, запишување во Централен регистар од овластено лице за застапување на Црвен крст на РМ, како и други прашања од заеднички интерес.

Присоединувањето се врши само меѓу две соседни Општински организации.

Со присоединувањето престанува да постои организацијата која се присоединува.

2.1. Услови за присоединување на Општинска организација

Член 19

Присоединување на една кон друга Општинска организација се врши доколку се појави недостиг на финансиски средства и сериозни потешкотии за самостојно функционирање на Општинската организација која се присоединува и доколку се процени дека со присоединувањето Општинската организација што презема ќе може тековно и успешно да ги обавува целите и задачите на Црвениот крст на РМ и на територијата на единицата на локалната самоуправа која Општинската организација која се присоединува ја покрива во своето работење.

2.2. Постапка за присоединување на Општинска организација

Член 20

Иницијатива за присоединување на една кон друга Општинска организација може да поднесе Црвен крст на РМ, Општинската организација што се присоединува и Општинската организација што презема со образложение на причините за присоединувањето.

Член 21

Доколку Иницијативата за присоединување е поднесена од Општински организации со Иницијативата Општинските организации го запознаваат Црвениот крст на РМ.

Член 22

Иницијативата се доставува до Комисија за посредување и усогласеност која по разгледување на истата доставува Извештај со Мислење до Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

Член 23

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ во рок од 30 дена расправа и доставува Предлог до Собранието за оправданоста за присоединување на Општинска организација.

Член 24

Собранието на Црвениот крст на РМ на прва наредна седница расправа по Предлогот на Раководниот одбор и донесува конечна одлука.

3. Услови и постапка за спојување на Општински организации

Член 25

Спојување на две или повеќе Општински организации се врши со одлука на Собрание на Црвен крст на РМ.

Собрание на Црвен крст на РМ може да донесе одлука за спојување и по претходно донесени поединечни одлуки на секоја Општинска организација, по што се склучува на Договор за спојување.

Договорот за спојување содржи: територија која ќе се покрива со работење, вработени, назив и седиште на новонастанатата Општинска организација, начинот на пренос на имотот, правата и обврските на Општинските организации што се спојуваат во новата Општинска организација, запишување во Централен регистар од овластено лице за застапување на Црвен крст на РМ како и други прашања од заеднички интерес.

Спојувањето се врши само меѓу две или повеќе соседни Општински организации.

Со спојувањето престануваат да постојат Општинските организации кои се спојуваат, а новонастанатата организација се смета за нова Општинска организација.

3.1 Услови за спојување на Општински организации

Член 26

Спојување на две или повеќе Општински организации се врши доколку во текот на последните години се намали бројот на членови на Црвениот крст под минимумот утврден во овој Правилник, се појави недостиг на редовни извори на финансирање и зголемени трошоци кои не може да се покријат со редовното работење и доколку се процени дека со спојувањето новонастанатата Општинска организација ќе може тековно и успешно да ги обавува целите и задачите на Црвениот крст на РМ на територија на единиците на локалната самоуправа кои Општинските организации кои се спојуваат ги покриваат со своето работење.

3.2. Постапка за спојување на Општински организации

Член 27

Иницијатива за спојување на Општински организации може да поднесе Црвен крст на РМ и организациите кои се спојуваат, со образложение на причините за спојување.

Член 28

Доколку Иницијативата за спојување е поднесена од Општински организации со Иницијативата Општинските организации го запознаваат Црвениот крст на РМ.

Член 29

Иницијативата се доставува до Комисија за посредување и усогласеност која по разгледување на истата доставува Извештај со Мислење до Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

Член 30

Раководниот одбор во рок од 30 дена расправа и доставува Предлог до Собранието за оправданоста за спојување на Општинските организации.

Член 31

Собранието на Црвениот крст на РМ на прва наредна седница расправа по Предлогот на Раководниот одбор и донесува конечна одлука.

4. Услови и постапка за поделба на Општински организации

Член 32

Поделба на Општинска организација на две или повеќе Општински организации се врши со одлука на Собрание на Црвен крст на РМ.

Собранието на Црвен крст на РМ може да донесе одлука за поделба и по претходно донесена одлука за иницијатива за поделба на Општинската организација по што се склучува на Договор за поделба.

Во одлуката за иницијатива за поделба на Општинската организација се уредува: територија на едниците на локална самоуправа која ќе ја покрива секоја новонастана Општинска организација, вработени, назив и седиште на секоја новонастаната Општинска организација, поделба, начин на пренос на на имотот, правата и солидарно намирување на обврските на Општинската организација која се поделува, запишување во Централен регистар од овластено лице за застапување на Црвен крст на РМ, како и други прашања од заеднички интерес.

Поделбата се врши на две или повеќе Општински организации кои со своето работење ќе покриваат единици на локалната самоуправа кои претходно со својата работа ги покривала Општинската организација која се поделува.

Општинска организација која се поделува престанува да постои, а новонастанатите Општински организации се сметаат за нови Општински организации.

Одлуката за поделба на Општинската организација има правно дејство на основање на новонастанатите Општински организации.

4.1. Услови за поделба на Општински организации

Член 33

Поделба на Општинска организација на две или повеќе Општински организации се врши доколку во последните години постојано се зголемува бројот на жители на територијата на единиците на локална самоуправа кои ги покрива во своето работење,

постојат зголемени проектни активности и доколку се процени дека со поделбата новонастанатите Општински организации ќе можат да го растеретат работењето, ќе се подобри квалитетот на услуги и достапноста и тековно и успешно ќе ги обавуваат целите и задачите на Црвениот крст на РМ на територија на единиците на локалната самоуправа која секоја од нив ќе ја покрива со своето работење.

При поделбата секоја од ново настанатите Општински организации треба да ги исполнува ускловите од овој Правилник за формирање на Општинска организација.

4.2. Постапка за поделба на Општински организации

Член 34

Иницијатива за поделба на Општинска организација може да поднесе Црвен крст на РМ и Општинската организација која се поделува со образложение на причини за поделба.

Член 35

Доколку Иницијативата за поделба е поднесена од Општинската организација која се поделува со Иницијативата Општинската организација го запознава Црвениот крст на РМ.

Член 36

Иницијативата се доставува до Комисија за посредување и усогласеност која по разгледување на истата  доставува Извештај со Мислење до Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

Член 37

Раководниот одбор во рок од 30 дена расправа и доставува Предлог до Собранието за оправданоста за поделба на Општинската организација.

Член 38

Собранието на Црвениот крст на РМ на прва наредна седница расправа по Предлогот на Раководниот одбор и донесува конечна одлука.

5. Услови и постапка за престанок на Општински организации

Член 39

Општинска организација престанува да постои со одлука на Собранието на Црвен крст на РМ.

Собрание на Црвен крст на РМ може да донесе одлука за престанок и по претходно донесена одлука за иницијатива за престанок на Општинската организација.

Во Одлуката на Собранието на Црвен крст на РМ и Одлуката за иницијатива за престанок на Општинската организација се уредува статусот на вработените, начин на пренос на право на сопственост и право на користење на имотот на Црвениот крст на РМ, пренос на права и обврски, запишување во Централен регистар од овластено лице за застапување на Црвен крст на РМ, како и други прашања од заеднички интерес. .
.

5.1. Услови за престанок на Општински организации

Член 40

Услови за престанок на Општински организации се:

- кога ќе настапат услови предвидени со закон;
- со престанок на работа на Црвениот крст на РМ престануваат со работа и Општинските организации;
- кога Собранието на Црвен крст на РМ ќе донесе одлука за одземање на правото на Општинската организација на употреба на името Црвен крст на РМ и амблемот на Црвениот крст, а со тоа и престанување со работа како составен дел на Црвениот крст на РМ;
- неподнесување на завршна сметка во законски рок;
- со статусна промена - присоединување, спојување и поделба;
- одлука на суд за забрана на работа и вршење на дејност;
- неспроведени избори по истек на мандатот на органите и телата;

- недоволен број на членови за реализирање на задачите и целите на Црвениот крст, немање на редовни извори на финансирање, зголемени трошоци и загуба во работењето.

5.2. Постапка за престанок на Општинска организација

Член 41

Иницијатива за престанок на Општинска организација може да поднесе Црвен крст на РМ и Општинската организација која престанува со образложение на причините за престанок.

Член 42

Доколку Иницијативата за престанок е поднесена од Општинската организација која престанува со Иницијативата Општинската организација го запознава Црвениот крст на РМ.

Член 43

Иницијативата се доставува до Комисија за посредување и усогласеност која по разгледување на истата доставува Извештај со Мислење до Раководниот одбор. на Црвениот крст на РМ.

Член 44

Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ во рок од 30 дена расправа по Извештајот и доколку констатира дека постојат причини за престанок на Општинска организација може да и наложи на Општинската организација во определен рок од 60 дена да ги отстрани причините кои можат да доведат до престанок на Општинската организација и за истото повратно да го информира.

Доколку во утврдениот рок Општинската организација не ги отстрани причините, Раководниот одбор доставува Предлог до Собранието на Црвениот крст на РМ за оправданоста за престанок на Општинската организација.

Член 45

Собранието на Црвениот крст на РМ на прва наредна седница, но не подолго од 90 дена, расправа по Предлогот на Раководниот одбор и донесува конечна одлука.

6. Црвен крст на град Скопје

Член 46

На подрачјето на град Скопје, кој е главен град на Република Македонија се формира Црвен крст на град Скопје кој ја координира работата на Општинските организации на ниво

на град Скопје и реализира активности на територија на повеќе единици на локална самоуправа кои се составен дел на градот Скопје, а согласно потребите и интересите на градот Скопје и на Црвениот крст на град Скопје.

7. Промена на назив на Општинска организација во Црвен крст на град

Член 47

Во општини во Република Македонија кои со Закон ќе добијат статус на град со одлука на Собарние на Црвен крст на РМ називот на Општинската организација се менува и се формира Црвен крст на град.

По потреба во градот може да се формираат и општински организации доколку ги исполнуваат условите за формирање на општински организации предвидени со овој Правилник.

8. Услови и постапка за формирање на Црвен крст на град

Член 48

Во општини во Република Македонија кои со закон добијат статус на град, а во нив претходно не била формирана Општинска организација може да се формира Црвен крст на град.

8.1. Услови за формирање на Црвен крст на град

Член 49

За формирање на Црвен крст на град од каде што потекнува иницијатива најмалку кумулативно треба да се исполнети следните услови:

- На територија на градот и единици на локална самоуправа кои ќе ги покрива со своето работење да имаат живеалиште/ престојувалиште најмалку 15.000 лица;
- На територија на градот и единици на локална самоуправа кои ќе ги покрива со своето работење да има најмалку 500 членови на Црвен крст на РМ;

- Иницијативата да е подржана најмалку од 1/2 од членови на Црвен крст на РМ од територија на градот и единиците на локалната самоуправа кои ќе ги покрива со своето работење;
- Иницијативата да е подржана најмалку од десет односно 1/2 Основни организаци на Црвен крст на РМ од територија на градот и единиците на локалната самоуправа кои ќе ги покрива со своето работење.
- Доказ дека има обезбедено седиште за административно - деловен простор со најмалку 100м2, средства и опрема за вршење на активности на Црвен крст;

- Да има обезбедено писмена поддршка од градот и единиците на локална самоуправа кои ќе ги покрива во своето работење за проектна и финансиска подршка за активности од областа на дејствувањето на Црвениот крст на РМ;

- Други услови предвидени со Закон и со актите на Црвениот крст на РМ.

8.2. Постапка за формирање на Црвен крст на град

Член 50

Иницијатива за формирање на Црвен крст на град покренува Црвен крст на РМ и Иницијативен одбор сочинет од десет членови на Црвен крст на РМ од територијата на градот и единиците на локална самоуправа кои ќе ги покрива со своето работење.

Со иницијативата за потреба од формирање на Црвен крст на град Иницијативниот одбор на соодветен начин го запознава населението од територијата на градот и единиците на локална самоуправа кои ќе ги покрива со своето работење, а може да организира и соодветна јавна расправа.

Член 51

Основните организации од градот и единиците на локална самоуправа кои ќе ги покрива со своето работење должни се на Иницијативниот одбор да му овозможат увид во податоци за жители, членови на Црвен крст на РМ и други податоци.

Член 52

Доколку Иницијативата за формирање е поднесена од Иницијативниот одбор од градот со Иницијативата и преземените активности го запознава Црвениот крст на РМ.

Член 53

Иницијативата се доставува до Комисија за посредување и усогласеност која по разгледување на истата поднесува Извештај со Мислење до Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

Член 54

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ во рок од 30 дена расправа и доставува Предлог до Собранието за оправданоста за формирање на Црвен крст на град.

Член 55

Собранието на Црвениот крст на РМ на прва наредна седница расправа по Предлогот на Раководниот одбор и донесува конечна одлука.

9. Услови и постапка за престанок на Црвен крст на град Скопје/ град

Член 56

Црвен крст на град Скопје/град престанува да постои со одлука на Собранието на Црвен крст на РМ.

Собрание на Црвен крст на РМ може да донесе одлука за престанок и по претходно донесена одлука за иницијатива за престанок на Црвен крст на град Скопје/град.

Со Одлука на Собранието на Црвен крст на РМ и Одлука за иницијатива за престанок Црвен крст на град Скопје/град се уредува статусот на вработените, начин на пренос на право на сопственост и право на користење на имотот на Црвениот крст на РМ, пренос на права и обврски, како и други прашања од заеднички интерес. .

.

9.1. Услови за престанок на Црвен крст на град Скопје/град

Член 57

Услови за престанување со работа на Црвен крст на град Скопје/ град се:

- доколку со Закон се укине статусот на град;
- кога ќе настапат други услови предвидени со закон;
- со престанок на работа на Црвениот крст на РМ престанува со работа и Црвен крст на град Скопје/град;
- кога Собрание на Црвен крст на РМ ќе донесе одлука за одземање на правото за употреба на името и амблемот на Црвен крст, а со тоа и престанување со работа на Црвен крст на град Скопје/град како составен дел на Црвен крст на РМ;
- неподнесување на завршна сметка во законски рок;
- одлука на суд за забрана на работа и вршење на дејност
- неспроведени избори по истек на мандатот на органите и телата;
- непостоење на услови предвидени за формирање на Црвен крст на град Скопје/град

9.2. Постапка за престанок на Црвен крст на град Скопје/ град

Член 58

Иницијатива за престанок на Црвен крст на град Скопје/град може да поднесе Црвен крст на РМ и Црвен крст на град Скопје/град кој престанува со образложение на причините за престанок.

Член 59

Доколку Иницијативата за престанок е поднесена од Црвен крст на град Скопје/град кој престанува со Иницијативата го запознава Црвениот крст на РМ.

Член 60

Иницијативата се доставува до Комисија за посредување и усогласеност која по разгледување на истата доставува Извештај со Мислење до Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

Член 61

Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ во рок од 30 дена расправа по Извештајот и доколку констатира дека постојат причини за распуштање на Црвен крст на град Скопје/град може да му наложи на Црвен крст на град Скопје/град во определен рок, но не подолг од 90 дена да ги отстрани причините кои можат да доведат до престанок на Црвен крст на град Скопје/град и за истото повратно да го информира.

Доколку во утврдениот рок Црвен крст на град Скопје/град не ги отстрани причините, Раководниот одбор доставува Предлог до Собранието на Црвениот крст на РМ за оправданоста за престанок на Црвен крст на град Скопје/град.

Член 62

Собранието на Црвениот крст на РМ на прва наредна седница, но не подолго од 90 дена расправа по Предлогот на Раководниот одбор и донесува конечна одлука.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

Пријава за запишување на формирање и статусни измени: присоединување, спојување и поделба, и Пријава за запишување на престанок, на Општинската организација/ Црвен крст на град Скопје/ град, како составен дел на Црвен крст на РМ, во Централниот регистар на Република Македонија поднесува овластеното лице за застапување на Црвениот крст на РМ.

Член 64

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување.

Претседател
проф.д-р Ромел Велев